[redacted]

Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ Скопје
ул.Јордан Хаџиконстантинов - Џинот број 3,
Скопје, Република Северна Македонија
Телефон / факс : 02 3 232 065
contact@bonafide.mk

[redacted] **Игор Миќев**, со ЕМБГ [redacted], со живеалиште на ул. [redacted] Скопје

2. **Цветанка Игнева Миќев**, со ЕМБГ [redacted] со живеалиште на ул. [redacted] во Скопје, двајцата преку полномошник Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ Скопје, со седиште на ул. Јордан Хаџиконстантинов Џинот бр.3, Скопје

:

1. **Интернет портал Пулс24** сопственост на Друштво за новинско издавачка дејност **ЊУ МЕДИА ЕНТЕРПРАЈЗ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул.Васил Ѓоргов 24/28 во Скопје, со ЕМБС 6895352
2. **Интернет портал Инфомакс** сопственост на Друштво за истражување, анализа и маркетинг ЦИА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул Мајски Манифест бр.8 во Скопје-Ѓорче Петров, со ЕМБС 6666124

**ЕДМЕТ:** **Барање за јавно извинување**

очитувани,

Ви се обраќаме во името на нашите властодаватели, Игор Миќев и Цветанка Игнева иќев, а во врска со објавата на текст дадена преку средствата за јавно информирање, дносно публикувана на интернет порталот Пулс24, на ден 19ти Септември, 2024 година, оја објава на 19ти Септември, 2024 година е преземена од интернет порталот Инфомакс.

Во објавата давате констатации во кои ги наведувате следните **невистини но и навреди** за нашите властодавци:

***„Земјоделскиот ресор е окупиран од овој брачен пар, од кои Игор Миќев во МЗШВ е во улога на Министер, Државен секретар и редар***", понатаму во истиот текст за Игор Миќев наведувате дека "***Игор Миќев Панкер е креаторот на кадровската политика во земјоделскиот сектор,***" и дека "***се работи за психички растроен човек кој сее страв помеѓу жените службенички во МЗШВ, влегува по канцеларии и одзема лични работи од вработените, вербално напаѓа колеги за кои тој смета дека се неподобни и под негов притисок веќе 30 лица квалитетен кадар веќе го имаат напуштено министерството неможејќи да го издржат притисокот***". За Цветанка Игнева Миќева наведувате дека "***Истата ситуација е и во Платежната агенција каде "главен полицаец" за ред и поредок меѓу вработените го имплементира сопругата на Игор Панкер, Цветанка која се декларира како "шеф на кабинет" на директорот, иако таква функција или работно место воопшто не постои во агенцијата.***

Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ Скопје
ул.Јордан Хаџиконстантинов - Џинот број 3,
Скопје, Република Северна Македонија
Телефон / факс : 02 3 232 065
contact@bonafide.mk

Јасно истакнуваме дека:

1. **Невистинито е тврдењето** дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ или како што е именувано во објавата-Земјоделскиот ресор е окупиран од нашите властодаватели- Игор и Цветанка Миќеви и дека Игор Миќев во МЗШВ се става во улога на Министер, Државен секретар и редар.
2. **Невистинито е тврдењето** дека Игор Миќев Панкер е креаторот на кадровската политика во земјоделскиот сектор и дека е психички растроен човек кој сее страв помеѓу жените службенички во МЗШВ, влегува по канцеларии и одзема лични работи од вработените, вербално напаѓал колеги за кои тој смета дека се неподобни и дека под негов притисок веќе 30 лица квалитетен кадар веќе го имаат напуштено министерството неможејќи да го издржат притисокот,
3. **Невистинито е тврдењето дека** Цветанка Игнева Миќев за себе **изјавувала** дека **е"шеф на кабинет"** на директорот и дека е **"главен полицаец"** за ред и поредок меѓу **вработените**

Имено, за Ваша информација, иако пред да ја објавите содржината сте имале обврска да проверите дека истата е со невистината содржина, Ви укажуваме дека работните позиции на кои се вработени Игор Миќев и Цветанка Игнева Миќев ***ниту им дозволуваат ниту им даваат било каква можност*** да влијаат врз кадровската политика во споменатото Министерство односно во платежната агенција каде се вработени, ниту пак можат сами да ги бираат работните позиции како што сака да се претстави во објавата. Игор Миќев е вработен во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ **како раководител на одделение за билатерална соработка во сектор за меѓународна соработка, кабинетски службеник**, а Цветанка Миќева е вработена на **работна позиција –помлад соработник** во Платежната агенција.

Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ, постои сектор за човечки ресурси кој ја регулира кадровската политика, невистинито и апсурдно е тврдењето дека кадровската политика во една државна институција може да им се остави на поединечно именувани лица освен доколку намерата на тој што објавува е да се клевети и навредува.

Понатаму согласно информациите кои ги поседуваат нашите клиенти, ниту во надлежното Министерство ниту во Платежната агенција каде е вработена Цветанка Игнева Миќев, нема поднесено никаква пријава за тоа дека било кое од овие две лица врши било каков притисок, психичко вознемирување и слично.

FIDE

Адвокатско друштво БОНА ФИДЕ Скопје
ул.Јордан Хаџиконстантинов - Џинот број 3,
Скопје, Република Северна Македонија
Телефон / факс : 02 3 232 065
contact@bonafide.mk

Согласно Законот за вознемирување на работното место, при што овој закон се применува и во јавниот сектор, членот 14 од истиот јасно утврдува дека секој вработен е должен да пријави вознемирување- "Вработените и лицата ангажирани со договор кои учествуваат во работата кај работодавачот имаат право на заштита од вознемирување на работно место и ***се должни да го информираат работодавачот*** ако забележат постоење на вознемирување на работно место."

Неприфатливо, навредително и невистинито е и тврдењето дадено за Игор Миќев дека наводно станува збор за психички растроена личност. Со ваквите наводи не само што ја навредувате неговата личност и углед, туку и давате целосно невистинити наводи за неговата здравствена состојба.

Наводите истакнати во објавите се невистинити и поради фактот што не посочувате ниту едно лице, со конкретно име и презиме, вработено во Министерството или во платежната агенција кое лице поднело било каква пријава против нашите клиенти.

Крајно сме изненадени од леснотијата со која изнесувате невистинити наводи и утврдувате медицинска дијагноза. Тоа не е ниту професионално, морално ниту пак е етичко постапување на еден новинар/новинска агенција или интернет портал кој објавува вести.

Со оглед дека Вашата објава содржи невистини и навредителни факти изјавени пред поширока јавност, со кои на нашите клиенти директно им се нанесува штета по честа и угледот, согласно член 12 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, по пат на овој допис, **БАРАМЕ** од Вас јавно да се извините за изнесените невистини факти, при што објавата на извинувањето да биде на истото место и во ист обем ( каде што била објавена првичната невистинита вест) како и во текстот на извинувањето да е посочен линкот до првичната невистинита вест, најдоцна во рок од 48 часа од денот на доставувањето на ова писмено.

Во спротивно, ќе бидеме принудени да иницираме судска постапка за утврдување на одговорност за клевета и надомест на штета за клеветата, со што ќе бидете изложени на дополнителни судски и адвокатски трошоци поврзани со самата постапка.

Со почит,
Адвокатско Друштво БОНА ФИДЕ Скопје

BONA FIDE
Скопје